# Во Венеција ќе испраќаме инсталација со кожа од животни

**Проектот на Хаџи-Василева е мултимедијална презентација за чумата во 14 век во Европа. Често користи органски материјали и кожа од животни, овој пат како метафора за кршливоста на телото. Ќе има и видеопроекција за ширењето на смртоносната болест и скулптури од импрегнирани кожи, исечени во вид на паноа, кои ќе обликуваат свод, вели кураторката Ана Франговска за делото што ќе патува во Венеција**



Дамски чантички, дело на Хаџи-Василева изработени од животински кожи

## УМЕТНИЦАТА ЕЛПИДА ХАЏИ-ВАСИЛЕВА НА ПРЕСТИЖНОТО БИЕНАЛЕ

Уметницата Елпида Хаџи-Василева ќе нè претставува на престижното 55-то Биенале на уметноста во Венеција, кое ќе се одржи кон средината на идната година.

Нашата уметница ќе се претстави со делото насловено „Кожата е идентитет и површина за проекција, репрезентација на душата" - проект поднесен од Националната галерија на Македонија, под кураторство на Ана Франговска.

Според комисијата, во состав од Владимир Величковски и Конча Пирковска, историчари на уметноста, и од ликовниот уметник Жарко Башески, кој беше лански претставник на Биеналето, проектот на Хаџи-Василева се базира на континуитетот на нејзината досегашна творечка преокупација, во конкретниот случај коинцидира со темата на Биеналето - „Енциклопедиска палата".

**Мултимедијална презентација за чумата**

- Станува збор за јасно и професионално дефиниран и концепциски заокружен проект, во кој се користени органски материјали од животинско потекло. Нејзината инсталација се карактеризира со разновидна текстура и специфична структурална содржина, која ѝ припаѓа на денес актуелната биоуметност. На (не)посреден начин, преку користењето на јагнешката мрежа, Хаџи-Василева ги вклучува (не)видливите живи организми, што го прави овој проект посебно значаен и компатибилен со духот на времето - образложува комисијата.

Франговска накратко објасни дека проектот на Хаџи- Василева е мултимедијална презентација за чумата во 14 век во Европа.

- Таа често користи органски материјали и кожа од животни, овој пат како метафора за кршливоста на телото. Ќе има 3Д-визуализација - на подот ќе има видеопроекција за ширењето на смртоносната болест и скулптури од импрегнирани кожи, исечени во вид на паноа, кои ќе обликуваат свод - рече Франговска, која додаде дека проектот на Хаџи-Василева ги исполнува сите критериуми за темата на Биеналето.

Годинава за македонски претставник на Биеналето се пријавиле шест проекти: Националната галерија на Македонија со „Транзициски сеќавања“ на Златко Теодосиевски и со Хаџи-Василева, Музејот на современата уметност со „Однасловени приказни“ на Велимир Жерновски, а НУ „Марко Цепенков“ од Прилеп со „Кој е публика“ на Тања Балаќ. Пријавени биле и два самостојни проекти - „Граница“ на Зоран Попоски и „Александар и Александар“ на Нада Прља.

**Авторката доаѓа во декември**

Куратор на Венецискотo биенале е Максимилијано Џони, а темата „Енциклопедиска палата“ реферира на сите универзални хуманистички знаења на светот, концентрирани во еден имагинарен музеј-палата.

- Венецискотo биенале е едно од најстарите и најпрестижните европски манифестации, речиси непрекината изложба, чија константа е постојаната метаморфоза на поставките и случувањата. Секоја втора година уметниците од сите земји на светот на Венецискотo биенале отворено комуницираат, претставувајќи ги своите уметнички фикции, но истовремено тие ги афирмираат културата и уметноста од земјите од кои доаѓаат - рече министерката за култура Елизабета Канческа-Милевска.

Проектот на Хаџи-Василева ќе биде деветти македонски претставник на оваа престижна манифестација и шести на Националната галерија на Македонија.

Хаџи-Василева (родена во 1971 г.) магистрирала скулптура на Кралскиот колеџ во Лондон, учествувала на голем број меѓународни изложби, а сега живее во Брајтон, Велика Британија. Во Македонија доаѓа идниот месец, по што ќе следува средба со министерката, како и интензивни подготовки за нејзиното претставување на Венецискотo биенале.

---

**Нема да се штедат парите**

Бидејќи Македонија нема свој постојан павилјон во Венеција, министерката за култура рече дека ќе се побара соодветен простор каде што идната година ќе биде презентиран нашиот проект. Буџетот не е познат, но Канческа-Милевска ветува дека нема да се штедат пари за македонското учество.

---

**Хаџи Василева во 2009-та „се скара“ со Националната галерија**

Уметницата Елпида Хаџи-Василева пред некоја година остро реагираше дека Националната галерија на Македонија ја изманипулирала и ѝ ги уништила сите шанси да ја претставува Македонија на Венецискотo биенале за уметност во 2009 година. Таа тогаш изјави дека оваа институција прво решила со нејзиниот проект „Убавината на деталјот“ да се пријави во Министерството за култура како еден од можните кандидати за големата светска манифестација, а потоа нејзиниот проект бил повлечен и заменет со дело на друг уметник. Тогашната директорка на Националната галерија, Маја Крстевска, ги демантира нејзините тврдења и рече дека сите процедури во Националната галерија биле почитувани и навреме спроведени и дека целиот случај бил големо недоразбирање.
Елпида Хаџи-Наумова во 2005 година учествуваше во независна селекција на Биеналето во Венеција. Нејзиниот проект со дела од неколку други уметници беше претставен на групна изложба во палатата „Зенибио“.

---

Автор: И.Н.

Like 0 Tweet 0 Share СПОДЕЛИ НА ПИНГ